Иницијатива

**До:**
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Скопје, 7 април 2025 година

**Предмет: Предлог-измени на Законот за животната средина**

Почитувани,

Ги поднесуваме следните предлог измени на Законот за животната средина:

На предложениот Нацрт на Закон за изменување и дополнување на Законот за животната средина ја имаме следната забелешка:

- Во Член 23 каде се менува членот 90, да се избришат зборовите „а може“. На крај од став (4) да се додадат зборовите „и на интернет страницата на општината на чиешто подрачје се спроведува проектот“.

Образложение: Поради информирање на јавноста и транспарентност, потребно е објавување на повеќе платформи едновремено.

Ги предлагаме и следните измени и дополнувања на Законот за животната средина во насока на транспарентност и информирање на јавноста:

- Член 28 став (5), каде после зборот „објавува“ се додаваат зборовите „на својата веб страна во рок од пет дена од денот на прогласувањето“

- Член 65 став (16) каде после зборот „страница“ се додаваат зборовите „во рок од пет дена од денот на донесувањето“

o2macedonia@gmail.com www.facebook.com/o2inicijativa/ Twitter: @O2inicijativa

- Член 69 став (1) каде после зборот „информации“ се додаваат зборовите „на својата веб страна“

- Член 74 став (2) пред точката се додаваат зборовите „во рок од пет дена од денот на нивното донесување“

- Член 78 став (2) после зборот „објавува“ се додаваат зборовите „во рок од пет дена од денот на донесувањето“

- Член 81 став (6) зборот „осум“ се брише и се заменува со зборот „15“.

- Член 91 став (4) после зборовите „објави записникот“ се додаваат зборовите „заедно со прилозите,“, а после зборот „страница“ се додаваат зборовите „во рок од пет дена од денот на донесувањето“.

- Член 107 ставот (13) се менува и гласи:

Нацртот на А-интегрираната еколошка дозвола со сите прилози се објавува за јавноста на веб страницата на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во рок од пет дена од денот на донесувањето на начин пропишан од страна на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Јавноста може да ги достави своите забелешки во рок од 30 дена од објавувањето на нацртот на дозволата. На барање на јавноста, операторот е должен да организира јавна расправа за Нацрт А - интегрираната еколошка дозвола.

- Член 108 се брише последната реченица во став (5),

се додава нов став (9) кој гласи:

Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина решението од ставот (1) на овој член го објавува на својата веб страна во рок од пет работни дена од денот на донесувањето.

• Член 109 се додава нов став (3) кој гласи:

Регистарот на А-интегрирани еколошки дозволи се одржува ажуриран и се објавува на веб страната на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

• Член 113 ставот (1) се менува и гласи:

Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен во рок од пет дена од денот на издавањето да ја објави А-интегрираната еколошка дозвола со сите прилози на својата веб страница и во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Северна Македонија и да овозможи увид на заинтересираната јавност во информациите во врска со учеството на јавноста во постапката за издавање на дозволата и во мислењата кои се земени предвид и врз основа на кои е издадена дозволата. Објавата во дневниот весник е на трошок на барателот на дозволата.

• Член 118 став (3) каде после зборот „страница" се додаваат зборовите „во рок од пет дена од денот на донесувањето".

• Член 124 се менува и гласи:

(1) За издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола операторот поднесува барање до надлежните органи на општината, на градот Скопје или до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(2) Во рок од пет дена од денот на приемот на комплетното барање, органот на општината, на градот Скопје или органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен да го објави барањето во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Северна Македонија и на својата веб страница. Објавата во дневниот весник е на трошок на барателот на дозволата.

(3) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги пропишува формата и содржината

на барањето, како и начинот на кој се поднесува барањето од ставот (1) на овој член и потребната документација која се приложува кон барањето.

(4) Органот на општината, на градот Скопје или органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен, во рок од 15 дена од денот на објавувањето на барањето, да обезбеди на јавноста пристап до достапните информации потребни за оформување на мислењата и на ставовите, во согласност со одредбите од овој закон.

- Член 126 став (3) зборот „донесувањето" се брише и се менува со зборот „објавувањето".

На крај од став (4) се додава нова реченица која гласи „Ажурираниот регистар се објавува на веб страницата на општината, односно на градот Скопје."

На крај од став (5) се додава нова реченица која гласи „Ажурираниот регистар се објавува на веб страницата на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина."

По ставот (6) се додава нов став (7) кој гласи:

Органот на општината, на градот Скопје, односно органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен во рок од пет дена од денот на издавањето да ја објави Б-интегрираната еколошка дозвола со сите прилози на својата веб страница и во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Северна Македонија и да овозможи увид на заинтересираната јавност во информациите во врска со учеството на јавноста во постапката за издавање на дозволата и во мислењата кои се земени предвид и врз основа на кои е издадена дозволата. Објавата во дневниот весник е на трошок на барателот на дозволата.

Ставовите (7), (8) и (9) стануваат став (8), (9) и (10)

се додава нов став (11) кој гласи:

Органот на општината, на градот Скопје или органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина решението од ставот (1) на овој член го објавува на својата веб страна во рок од пет работни дена од денот на донесувањето.

- Член 161-а став (2) после зборот „објавува“ се додаваат зборовите „на веб страницата на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина и“

- Член 172 став (4) после зборот „Македонија“ се додаваат зборовите „и на веб страницата на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во рок од пет дена од денот на донесувањето.“

- Член 198 во став (1) после точка 4-д) се додава нова точка 4-ѓ) која гласи:

Да утврди дали Регистарот на лиценци е објавен на веб-страницата на стручниот орган на државната управа надлежен за вршење на стручните работи во областа на животната средина (член 22-6 став (16));

После точка 10) се додава нова точка 10-аа) која гласи:

Да утврди дали се објавени еколошко чистите подрачја на веб страната на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во рок од пет дена од денот на прогласувањето (член 28 став (5));

После точка 20) се додава нова точка 20-а) која гласи:

Да утврди дали листата на субјекти кои поседуваат или за кои се поседуваат информации кои се однесуваат на животната средина се објавени на веб страницата на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина (член 52 став (2));

се додава нова точка 20-б) која гласи:

Да утврди дали одлуката за спроведување или одлуката за не спроведување на стратегиска оцена заедно со формуларите е објавена на веб страницата на органот (член 65 став (10));

се додава нова точка 20-в) која гласи:

Да утврди дали решението со кое се задолжува органот што го подготвува планскиот документ да спроведе стратегиска оцена на истиот и решението со кое го определува обемот на стратегиската оцена е објавено на веб страницата во рок од пет дена од денот на донесувањето (член 65 став (13) и (15));

се додава нова точка 20-г) која гласи:

Да утврди дали органот кој го подготвува планскиот документ, во рок од пет работни дена од денот на комплетирањето на извештајот за животната средина ги објавил информациите на својата веб страна кои се однесуваат на нацртот на планскиот документ и извештајот за животната средина, местото каде што може да се разгледа нацртот на планскиот документ заедно со информација за постапката за учество на јавноста (член 69 став (1));

се додава нова точка 20-д) која гласи:

Да утврди дали оцената на соодветност на извештајот за животна средина органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е објавена на нивната веб страница во рок од пет дена од денот на донесувањето на оцената (член 72 став (5));

се додава нова точка 20-ѓ) која гласи:

Да утврди дали органот кој го усвоил планскиот документ на својата веб страница ги објавил усвоениот плански документ и известувањето во рок од пет дена од денот на нивното донесување (член 74 став (2));

се додава нова точка 20-е) која гласи:

Да утврди дали одлуката да не се врши оцена на влијанието врз животната средина е објавена во рок од пет дена од денот на донесувањето на веб страницата на Владата на Република Северна Македонија и на веб страницата на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина и органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на одбраната (член 78 став (2));

се додава нова точка 20-ж) која гласи:

Да утврди дали решението со кое се дава согласност или се одбива барањето за спроведување на проектот е објавено согласно со членот 90 став (5) од овој закон (член 78 став (7));

После точка 21) се додава нова точка 21-а) која гласи:

Да утврди дали известувањето за намерата за спроведување на проектот е објавено во рок од пет работни дена од денот на приемот и согласно член 90 став (1) точка 1 од овој закон (член 80 став (4));

се додава нова точка 21-б) која гласи:

Да утврди дали решението за потребата од оцена на влијанието на проектот врз животната средина е објавено во рок од пет работни дена од денот на донесувањето, на начин определен во членот 90 став (1) точка 2 од овој закон (член 81 став (5));

се додава нова точка 21-в) која гласи:

Да утврди дали мислењето за обемот на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина е објавено во рок од пет дена од денот на донесувањето согласно со членот 90 став (1) точка 7 од овој закон (член 82 став (7));

После точка 22) се додава нова точка 22-а) која гласи:

Да утврди дали студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина е објавена во рок од пет работни дена од денот на приемот, односно комплетирањето, на начин определен во членот 90 став 1 точка 3 од овој закон (член 83 став (4));

се додава нова точка 22-б) која гласи:

Да утврди дали листата на експерти за оцена на влијание на проекти врз животната средина и листата на експерти за стратегиска оцена на животната средина се објавени на веб страницата (член 85 став (2));

се додава нова точка 22-в) која гласи:

Да утврди дали извештајот за оцена на влијанието на проектот врз животната средина е објавен во рок од пет работни дена од денот на изготвувањето на извештајот на начинот определен со членот 90 став (1) точка 4 од овој закон (член 86 став (10));

После точка 24) се додава нова точка 24-а) која гласи:

Да утврди дали решението со кое се дава согласност или се одбива барањето за спроведување на проектот е објавено во рок од пет работни дена од денот на донесувањето, во согласност со членот 90 став (1) точка 5 од овој закон (член 87 став (4));

се додава нова точка 24-б) која гласи:

Да утврди дали записникот, заедно со прилозите, е објавен на интернет страницата во рок од пет дена од денот на донесувањето (член 91 став (4));

се додава нова точка 24-в) која гласи:

Да утврди дали барањето за А-интегрираната еколошка дозвола е објавено во рок од седум дена од денот на приемот на интернет страницата (член 99 став (1));

После точка 25) се додава нова точка 25-а) која гласи:

Да утврди дали нацртот на А-интегрираната еколошка дозвола со сите прилози е објавена на веб страницата во рок од пет дена од од денот на донесувањето (член 107 став (13));

се додава нова точка 25-б) која гласи:

Да утврди дали решението со кое се издава А интегрираната еколошка дозвола е објавено на веб страната во рок од пет работни дена од денот на донесувањето (член 108 став (9));

се додава нова точка 25-в) која гласи:

Да утврди дали регистарот на А-интегрирани еколошки дозволи е ажуриран и објавен на веб страната на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина (член 109 став (3));

После точка 28) се додава нова точка 28-а) која гласи:

Да утврди дали А-интегрираната еколошка дозвола со сите прилози е објавена на веб страницата во рок од пет дена од денот на издавањето (член 113 став (1));

се додава нова точка 28-б) која гласи:

Да утврди дали решението за делумен или целосен пренос на А- интегрираната еколошка дозвола е објавено на интернет страницата во рок од пет дена од денот на донесувањето (член 118 став (3));

се додава нова точка 28-в) која гласи:

Да утврди дали барањето за издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола е објавено на веб страницата во рок од пет дена од денот на приемот на комплетното барање (член 124 став (2));

се додава нова точка 28-г) која гласи:

Да утврди дали решението со кое се издава Б-интегрираната еколошка дозвола е објавено на веб страницата во рок од пет дена од денот на донесување, ажурираните регистри се објавени на веб страниците, Б-интегрираната

еколошка дозвола со сите прилози е објавена на веб страницата во рок од пет дена од денот на издавањето (член 126 ставови (4), (5), (7) и (11));

После точка 46) се додава нова точка 46-а) која гласи:

Да утврди дали јавниот оглас за избор на директор е објавен на веб страницата (член 161-а став (2));

се додава нова точка 46-б) која гласи:

Да утврди дали годишната програма за инвестирање во животната средина е објавена на веб страницата во рок од пет дена од денот на донесувањето (член 172 став (4));

- Член 212-ѓ по ставот (7) се додава нов став (8) кој гласи:

Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, односно градоначалникот на општината, градот Скопје и општините во градот Скопје, ако не ги објават на веб страницата и во дадениот рок информациите, документите од член 22-б став (16), член 28 став (5), член 52 став (2), член 65 став (10), член 65 став (13) и (15), член 69 став (1), член 72 став (5), член 74 став (2), член 78 став (2), член 80 став (4), член 81 став (5), член 82 став (7), член 83 став (4), член 85 став (2), член 86 став (10), член 87 став (4), член 91 став (4), член 99 став (1), член 107 став (13), член 108 став (9), член 109 став (3), член 113 став (1), член 118 став (3), член 124 став (2), член 126 ставови (4), (5), (7) и (11), член 161-а став (2) и член 172 став (4) од овој закон.

Ставовите (8), (9), (10), (11), (12), (13), (14) и (15) стануваат став (9), (10), (11), (12), (13), (14), (15) и (16).

Во очекување на прифаќање на забелешките и предлог измените и дополнувања,

Со почит,

Здружение за истражување, едукација и креирање еко политики О2 ИНИЦИЈАТИВА Скопје

Булевар Партизански одреди бр. 72А/41 Скопје-Карпош, Карпош

Лице за контакт: Татјана Чакулев, 077 85 83 83

Овластено лице: Невена Георгиевска, претседател